Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 5 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/16), на седницата одржана на 25.05.2017 година, донесе:

# МЕТОДОЛОГИЈА
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТАРИФИТЕ ЗА ВОДНА УСЛУГА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) се донесува со цел утврдување на тарифи со кои давателите на водни услуги ќе го остварат регулираниот приход потребен за вршење на една од следните водни услуги:
- снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението;
- снабдување со вода за пиење или водоснабдување;
- собирање и одведување на урбани отпадни води и
- прочистување на отпадни води.

(2) Со оваа Методологија се уредуваат:
- видовите и начинот на пресметка на тарифите за водна услуга, структурата на тарифите за секоја водна услуга посебно, видовите на трошоците кои се земаат во предвид за пресметка на тарифите за водните услуги и потребните приходи за покривање на тие трошоци, како и нивните карактеристики и начинот на нивно прикажување;
- начинот на пресметување и структурата на цената на водните услуги која ќе се наплатува од крајниот корисник;
- содржината, формата и начинот на подготовка на Планот за прилагодување на тарифите за водните услуги, како и на регулаторна тарифа за водна услуга и задолжителните податоци и извештаи кои треба да бидат доставени со Бизнис планот на давателот на водната услуга;
- листата на главни индикатори за успешност, листа на цели кои треба да ги исполни давателот на водната услуга во врска со обезбедување на водната услуга, листа на одредници во врска со обезбедување на водната услуга, како и начинот, постапката, формата и содржината на обрасците на извештаите кои давателите на водните услуги ги доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика, со цел исполнување на поставените цели и одредници во врска со обезбедување на водната услуга;
- формата и содржината на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга со предлог тарифи.

(3) Методологијата ги уредува и другите прашања кои се од важност за постигнување на целите од член 2 на Законот за утврдување на цени на водни услуги, а кои се поврзани со спроведувањето на тарифите и цените за водни услуги и работењето на давателите на водните услуги.

### Член 2

(1) Давателот на водната услуга ги формира цените согласно одредбите од оваа Методологија.

(2) Во случај кога давателот на водната услуга не постапи согласно член 11 став (1) од Законот за утврдување на цени на водни услуги и/или во случај кога не е постигната согласност со давателот на водна услуга за висината на тарифата за водна услуга, Регулаторната

комисија за енергетика ќе утврди регулаторна тарифа, во согласност со одредбите од оваа Методологија.

(3) За целите на определување на цените на водните услуги, давателот на водна услуга при поднесување на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, до Регулаторната комисија за енергетика треба да достави податоци согласно обрасците и табелите дадени во прилозите кои се составен дел на оваа Методологија. Притоа, давателот на водната услуга врши групирање на позициите од сметководствената евиденција за соодветната водна услуга, согласно оваа Методологија.

(4) Давателот на водна услуга, во согласност со Законот за утврдување на цени на водните услуги и оваа Методологија, по барање на Регулаторната комисија за енергетика треба да достави податоци и информации за утврдување на начинот на кој е определена цената односно тарифата за водната услуга и да овозможи увид во расположливата инвестиционо - техничка документација за проекти од обласа на водната услуга.

(5) Пресметките, начинот на собирање и презентирање на податоците за пресметка и формирање на тарифи, детално се утврдени со Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифата на водна услуга, поднесоците и критериумите за оцена (во понатамошниот текст: Упатство).

## Основа за определување на тарифите за регулираниот период

### Член 3

(1) Базна година е секоја претходна фискална година од првата година од регулираниот период, за која давателот на водната услуга има усвоен финансиски извештај и претставува основа за определување на тарифите за регулираниот период.

## ЦЕЛИ

### Член 4

(1) Регулирањето на цените на водните услуги на начин и постапка утврдени со оваа Методологија има за цел да обезбеди:

- вкупната цена на водните услуги за домаќинство да биде достапна имајќи ги предвид просечните приходи по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга;
- одржливо користење на инфраструктурата за вршење на водните услуги;
- подобрување на квалитетот на водните услуги со цел да се обезбеди непречено давање на услуги, согласно со најдобрите достапни практики;
- создавање услови со неопходните инвестиции во системите за водоснабдување да се обезбеди одржливо функционирање на истите;
- да се обезбеди постепена, а како крајна цел целосна, примена на начелото на загадувачот плаќа, начелото на корисникот плаќа, начелото на еднаквост и начелото на покривање на трошоците;
- заштита и унапредување на животната средина;
- да се подобри ефикасноста на водните услуги преку обезбедување на најдобри по квалитет водни услуги, со најмалку трошоци на ресурсот;
- стабилни и предвидливи услови за работење на давателите на водни услуги и
- заштита на потрошувачите и корисниците од злоупотреба на доминантна позиција на давателите на водни услуги.

## ВИДОВИ ТАРИФИ

### Член 5

(1) Регулаторната комисија за енергетика ги утврдува следните видови на тарифи:

1. Тарифа за услугата снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението;
2. Тарифа за услугата снабдување со вода за пиење или водоснабдување;
3. Тарифа за услугата собирање и одведување на урбани отпадни води и
4. Тарифа за услугата прочистување на отпадни води.

(2) Висината на тарифата на водната услуга зависи од трошоците за обезбедување на водната услуга и се пресметува согласно оваа Методологија.

(3) Основа за пресметка на тарифата за водната услуга се следните расходи:
- оперативни трошоци, вклучувајќи ги и трошоците за одржување,
- трошоци за капитални инвестиции и
- надоместоци, даноци и други давачки утврдени со закон.

(4) За висината на тарифата за секоја водна услуга, освен во случај кога се утврдува регулаторна тарифа, се определува минимален и максимален опсег, изразен во проценти од утврдената вредност на тарифата, во рамките на кој е дозволено давателот да донесе одлука за утврдување на тарифата за водната услуга, која ќе се применува во регулираниот период.

(5) Висината на цената на водната услуга зависи од висината на тарифата на водната услуга, висината на надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

## СТРУКТУРА НА ТАРИФИТЕ

### Член 6

(1) Доколку поинаку не е определено со оваа Методологија за конкретната водна услуга, во случај на определување на тарифа за водна услуга, давателот на водната услуга може да предложи или во случај на определување на регулаторна тарифа за водна услуга Регулаторната комисија за енергетика да утврди тарифа со следната структура:
- едноставен волуметриски надоместок изразен во денари на кубен метар (со или без минимален паушален надоместок) и
- тарифа во два дела што се состои од фиксен надоместок и варијабилен надоместок.

(2) Во случаи на ограничени ресурси или ограничувања на мрежи и поради специфични и оправдани локациски карактеристики на групи на корисници на водните услуги, давателот на водната услуга, во случај на определување на тарифа за водна услуга може да предложи или во случај на определување на регулаторна тарифа за водна услуга Регулаторната комисија за енергетика да утврди, една од следните тарифи:
- сезонска тарифа, кога стапката по метар кубен вода е повисока во текот на определен годишен период;
- растечка блок тарифа, со цел да се обесхрабри севкупната потрошувачка на вода над одредено ниво или
- тарифа за одредена група на корисници, согласно со специфичните локациски услови.

## Тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението

### Член 7

(1) Тарифата за услугата снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението, која се обезбедува од страна на водостопанствата и/или други субјекти кои се даватели на водни услуги, и/или од страна на други субјекти кои се овластени за снабдување со вода за пиење на давателите на услуги за водоснабдување, се утврдуваат согласно едноставна волуметриска структура.

(2) Едноставната волуметриска структура од став (1) од овој член значи дека тарифата која се плаќа за секоја единица на потрошувачка е утврдена за секоја календарска година и се

прикажува како денари за метар кубен вода испорачана во текот на една календарска година.

**Тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување**

**Член 8**

(1) Тарифата за услугата снабдување со вода за пиење или водоснабдување, од страна на давателот на водната услуга до крајните корисници се определува за целото подрачје во кое се обезбедува водната услуга.
(2) Обемот на потрошувачка се заснова на количината измерена со водомерот на крајниот корисник или на друг начин утврдена потрошувачка.
(3) Во случај кога крајниот корисник нема функционален водомер, се применува паушална тарифа. Паушалната тарифа се заснова на тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување зголемена до 30%, со цел да ги охрабрат крајните корисници кои немаат функционален водомер да го инсталираат истиот.
(4) Во случај од став (2) од овој член кога обемот на потрошувачка се утврдува на друг начин, давателот на водната услуга доставува образложение за начинот на утврдување на потрошувачката.

**Тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води**

**Член 9**

(1) Тарифата за услугата собирање и одведување на урбани отпадни води од страна на давателот на водната услуга за крајните корисници се утврдува за целото подрачје во кое се обезбедува водната услуга. Давателот на водната услуга може да предложи тарифа за водна услуга во вид на:
- едноставен волуметриски надоместок изразен во денари на кубен метар (со или без минимален паушален надоместок) или
- тарифа во два дела што се состои од фиксен надоместок и варијабилен надоместок.

(2) Едноставната волуметриска структура за услугата одведување на урбани отпадни води значи дека тарифата која се плаќа за секоја единица отпадна вода е утврдена за секоја календарска година и се прикажува како денари за метар кубен отпадна вода одведена во текот на една календарска година.
(3) Тарифата во два дела може да се примени кога давателот на водна услуга ќе докаже дека без оглед на тоа дали услугата се користи или не се користи, давателот на услугата има трошоци за обезбедување на инфраструктура за достапност на услугата.
(4) Обемот на испуштање на урбана отпадна вода се заснова на количините измерени со водомерот за мерење на испусти на крајниот корисник или на друг начин утврдена количина.
(5) Во случај кога не е инсталиран водомер за мерење на испусти, количината на испуштена урбана отпадна вода се пресметува како еднаков сооднос на потрошувачка на вода за тој краен корисник и се засновува на:
- нивото на потрошувачка на водните услуги за водоснабдување на домаќинствата согласно на природата на снабдувањето,
- нивото на потрошувачка на услуги за водоснабдување за останатите потрошувачи и
- по исклучок од точка 2 од овој став, останатите потрошувачи во случај кога се носители на дозвола за црпење на вода или имаат договор за снабдување со сурова вода, или некој друг начин за дополнително водоснабдување покрај снабдувањето со вода, како и во случај кога испуштаат помалку отпадна вода од нивото на потрошувачка на водните услуги за водоснабдување, вршат мерење или проценка утврдена на друг начин и однапред доставуваат известување за вкупната количина урбани отпадни води кои ги испуштиле во претходните години и води кои ќе ги испуштат секоја година.

### Тарифа за прочистување на отпадни води

### Член 10

(1) Тарифата за водната услуга прочистување на отпадни води се утврдува врз основа на едноставна волуметриска тарифа, за количините испуштени од страна на потрошувачот соодветно третирани согласно со прописите за отпадни води.
(2) Едноставната волуметриска структура за услугата прочистување на отпадни води значи дека тарифата која се плаќа за секоја единица прочистена вода е утврдена за секоја календарска година и се прикажува како денари за метар кубен прочистена вода, прочистена во текот на една календарска година.

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА И СТРУКТУРА НА ЦЕНАТА КОЈА ЌЕ СЕ НАПЛАЌА НА КРАЈНИОТ КОРИСНИК

### Член 11

(1) Цената на водната услуга е вкупниот надоместок кој давателот на водната услуга го наплаќа од страна на крајните корисници и го вклучува плаќањето што произлегува од тарифата, надоместоците поврзани со користење односно испуштање на водите утврдени со Законот за водите, како и даноците утврдени со закон.
(2) Цената за водна услуга се утврдува за секоја календарска година од регулираниот период.
(3) Висината на надоместокот за водната услуга се определува согласно следната формула:

$$P_t = \Sigma T_t * Q_t + (\Sigma T_t * Q_t * VAT) + F_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $P_t$ | - | надоместок за водна услуга | [денари] |
| $T_t$ | - | тарифа за водна услуга | [ден/$m^3$] |
| $Q_t$ | - | количина на вода | [$m^3$] |
| **VAT** | - | данок на додадена вредност | [%] |
| $F_t$ | - | надоместоци за води, пресметани согласно Закон за води | [денари] |

(4) При определување на вкупната цена на водните услуги за категоријата на потрошувачи/корисници - индивидуално домаќинство, се зема во предвид прагот на достапност на домаќинствата во подрачјето во кое давателот ја обезбедува водната услуга.

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТАРИФИ

### Тарифа за сурова вода наменета за водоснабдување на населението

### Член 12

(1) Тарифата за сурова вода наменета за водоснабдување на населението се утврдува преку определување на регулираниот приход што му се одобрува на давателот на услугата кој испорачува сурова вода за претпријатијата кои вршат снабдување со вода за пиење, да го оствари во текот на една календарска година, притоа исклучувајќи ги приходите остварени од испорака на сурова вода за други намени и други дејности кои не се предмет на уредување согласно оваа Методологија.
(2) Регулираниот приход се утврдува на ниво што на давателот на услугата му овозможува да оствари покривање на оправданите оперативни трошоци и трошоците за одржување, трошоците за капитални инвестиции, вклучувајќи ги и трошоците за амортизацијата на

основните средства за вршење на соодветната водна услуга, како и надоместоците, даноците и другите давачки утврдени со закон.

(3) Тарифата за сурова вода се пресметува како сооднос помеѓу регулираниот приход за водната услуга, определен во согласност со став 2 од овој член и измерената/проценетата количина на сурова вода наменета за водоснабдување на населението.

**Тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување**

**Член 13**

(1) Тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување се утврдува преку определување на регулираниот приход што му се одобрува на давателот на водната услуга да го оствари во текот на една календарска година, притоа исклучувајќи ги приходите остварени од други дејности кои не се предмет на уредување согласно оваа Методологија.

(2) Регулираниот приход се утврдува на ниво што на давателот на водната услуга му овозможува да оствари покривање на оправданите оперативни трошоци и трошоци за одржување, трошоците за капитални инвестиции, вклучувајќи ги и трошоците за амортизацијата на основните средства за вршење на соодветната водна услуга, како и надоместоците, даноците и другите давачки утврдени со закон.

(3) Регулираниот приход од став (1) на овој член ги исклучува приходите кои што давателот на услугата ги остварува врз основа на помошни услуги при вршење на водната услуга.

(4) Тарифата се пресметува како сооднос помеѓу регулираниот приход за водната услуга, определен во согласност со став (2) од овој член и измерената/проценетата количина на вода за пиење.

**Тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води**

**Член 14**

(1) Тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води се утврдува преку определување на регулираниот приход што му се одобрува на давателот на водната услуга да го оствари во текот на една календарска година, притоа исклучувајќи ги приходите остварени од други дејности кои не се предмет на уредување согласно оваа Методологија.

(2) Регулираниот приход се утврдува на ниво што на давателот на водната услуга му овозможува да оствари покривање на оправданите оперативни трошоци и трошоци за одржување, трошоците за капитални инвестиции, вклучувајќи ги и трошоците за амортизацијата на основните средства за вршење на соодветната водна услуга, како и надоместоците, даноците и другите давачки утврдени со закон.

(3) Регулираниот приход од став (1) на овој член ги исклучува приходите кои што давателот на водната услуга ги остварува врз основа на помошни услуги при вршење на водната услуга.

(4) Тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води се пресметува како сооднос помеѓу регулираниот приход за водната услуга, определен во согласност со став (2) од овој член и измерените/проценетите годишни количини на одведени урбани отпадни води. Годишните количини на одведена отпадна вода за домаќинства ќе се определуваат врз основа на проценетите количини на доставена вода за пиење, а за останатите корисници количините на одведена урбана отпадна вода ќе се определуваат врз основа на обемот кој се проценува како процент од количината определена согласно договорот за снабдување со потрошувачот и/или врз основа на измерените количини каде има инсталирано мерач за одведена урбана отпадна вода.

## Тарифа за прочистување на отпадни води

### Член 15

(1) Тарифата за услугата за прочистување на отпадни води се утврдува преку определување на регулираниот приход што му се одобрува на давателот на водната услуга да го оствари во текот на една календарска година, притоа исклучувајќи ги приходите остварени од други дејности кои не се предмет на уредување согласно оваа Методологија.

(2) Регулираниот приход се утврдува на ниво што на давателот на водната услуга му овозможува да оствари покривање на оправданите оперативни трошоци и трошоци за одржување, трошоците за капитални инвестиции, вклучувајќи ги и трошоците за амортизацијата на основните средства за вршење на соодветната водна услуга, како и надоместоците, даноците и другите давачки утврдени со закон.

(3) Регулираниот приход од став (1) на овој член ги исклучува приходите кои што давателот на водната услуга ги остварува врз основа на помошни услуги при вршење на водната услуга.

(4) Тарифата за услугата за прочистување на отпадни води се пресметува како сооднос помеѓу регулираниот приход за водната услуга, определен во согласност со став (2) од овој член и измерените/проценетите годишни количини на прочистени води. Годишните количини на прочистени води за домаќинства ќе се определуваат врз основа на проценетите количини на доставена вода за пиење, а за останатите потрошувачи количините на прочистени води ќе се определуваат врз основа на обемот кој се проценува како процент од количината определена согласно договорот за снабдување со потрошувачот и/или врз основа на измерените количини каде има инсталирано мерач за одведена отпадна вода.

## Регулаторна тарифа

### Член 16

(1) Регулаторната комисија за енергетика при определување на начинот на пресметка и структурата на регулаторната тарифа за секоја водна услуга ќе ги применува одредбите што се однесуваат на начинот на пресметка и структурата на тарифите за водни услуги од оваа Методологија.

## Сметководствена евиденција за регулаторни цели

### Член 17

(1) Сметките и финансиските извештаи на давателот на водната услуга се подготвуваат во согласност со важечката законска регулатива во Република Македонија и сметководствените стандарди кои се во примена.

(2) Давателот на водни услуги кој истовремено врши две или повеќе дејности од член 1 на оваа Методологија или покрај нив врши и друга дејност која во смисла на оваа Методологија не се смета за водна услуга, во своите интерни пресметки води одвоена сметководствена евиденција за секоја од дејностите поодделно, изготвува консолидирани биланси за сите дејности и биланс со преглед на приходите, расходите и резултатите од работењето за секоја дејност поодделно.

(3) Финансиските извештаи ќе бидат доставени со дополнителни податоци и извештаи со кои ќе се потврди усогласеноста на истите со сите одредби од оваа Методологија.

(4) Одредбите од став (1), (2), и (3) од овој член се применуваат и во случај на утврдување на регулаторната тарифа согласно Регулаторен план за прилагодување на тарифи за водни услуги.

(5) Регулаторната комисија може во постапката за подготовка на Регулаторниот план за прилагодување на тарифи за водни услуги да побара извршување на независна ревизија или да побара вештачење за утврдување на трошоците на давателот на водната услуга.

(6) Во случајот од став (5) од овој член, давателот на водната услуга е должен, на Регулаторната комисија за енергетика или на ревизорската куќа да ги стави на располагање сите податоци и информации кои се потребни за подготовка на Регулаторен план за прилагодување на тарифи за водни услуги.

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН ПРИХОД

### Регулиран приход

### Член 18

(1) Регулираниот приход на давателот на водната услуга треба да ги покрие трошоците направени за водната услуга и на услугите за поддршка и да обезбеди разумен поврат на капиталот.

**1. Регулиран приход на давателот на водната услуга (MAR)**

$$MAR_t = O_t + D_t + LC_t + RA_t$$

каде:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $MAR_t$ | - | регулиран приход во регулираната година t | [денари] |
| $O_t$ | - | оперативни трошоци во годината t | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација на регулираните основни средства во годината t | [денари] |
| $LC_t$ | - | основни средства за ликвидност во годината t | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос од регулираните основни средства во годината t | [денари] |

**1.1. Оперативни трошоци (O)**

(1) Оправдани оперативни трошоци согласно оваа Методологија се трошоци за работењето на давателот на услугата и трошоците за одржувањето на регулираните основни средства со кои давателот на водната услуга ја врши водната услуга, во согласност со важечките закони, прописи, стандарди и технички нормативи кои се применуваат во Република Македонија.

(2) Во регулираниот период за секоја регулирана дејност, оправдани оперативни трошоци се трошоци кои се потребни за извршување на водната услуга, детално утврдени со Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифи за водни услуги, кои се групирани на следниот начин :
- трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар;
- трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства;
- трошоци за осигурување на основни средства;
- бруто плати;
- менаџерски плати и награди;
- други услуги;
- останати и вонредни трошоци и
- даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот.

(3) При предвидувањето на оперативните трошоци за секоја година од регулираниот период, давателот на водната услуга ќе ја земе во предвид висината на предвидената инфлација, објавена од страна на Народната банка на Република Македонија.

### 1.2. Амортизација (D)

(1) Пресметката на амортизацијата на регулираните основни средства, во годината t, со кои се врши регулираната дејност, се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација, при што се вклучува:
   - амортизација на регулираните основни средства, исклучувајќи го земјиштето; и
   - амортизација на бесплатно добиените основни средства.

### 1.3 Средства за ликвидност (LC)

(1) Средствата за ликвидност за вршење на водната услуга, во годината t се пресметува со примена на следнава формула:

$$LC_t = \sigma/100 * MAR_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $LC_t$ | - | средства за ликвидност за вршење на водната услуга во годината t | [денари] |
| $\sigma$ | - | процент за утврдување на средствата за ликвидност, одобрен од страна на Регулаторната комисија за енергетика | [%] |
| $MAR_t$ | - | регулиран приход, дефиниран во став 1 од овој член, за годината t, исклучувајќи ги средства за ликвидност ($LC_t$) | [денари] |

### 1.4. Принос на регулирани основни средства (RA)

(1) Приносот на регулираните основни средства се пресметува според формулата:

$$RA = RAB_t^{av} * WACC$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RA$ | - | принос на регулираните основни средства | [денари] |
| $RAB_t^{av}$ | - | просечна вредност на основните средства со кои се врши водната услуга (регулирани средства) | [денари] |
| $WACC$ | - | пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување | [%] |

#### 1.4.1. Просечна вредност на основните средства со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства – $RAB_t^{av}$)

(1) Регулирани основни средства се средствата со кои се врши водната услуга, при што во пресметката на вредноста на регулираните основни средства не се земаат во предвид бесплатно добиените средствата и неоправданите инвестиции.

(2) За определување на просечната вредност на регулираните основни средства се користи следната формула:

$$RAB_t^{av} = \frac{RAB_t^{start} + RAB_t^{end}}{2}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{av}$ | - | просечна вредност на основните средства со кои се врши водната услуга (регулирани средства) во годината t; | [денари] |
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните основни средства во годината t; и ги исклучува бесплатно добиените основни | [денари] |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | средства од претходните години; | |
| $RAB_t^{end}$ | - | вредност на основните средства со кои се врши водната услуга на крајот од година t. | [денари] |

(3) Вредноста на регулираните основни средства на почетокот на регулираната година ( $RAB_t^{start}$ ) претставува збир на поединечните книговодствени вредности на основните средства на првиот ден од регулираната година, односно:

$$RAB_t^{start} = RAB_{t-1}^{end}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните основни средства во годината t; и ги исклучува бесплатно добиените основни средства од претходните години; | [денари] |
| $RAB_{t-1}^{end}$ | - | вредност на регулираните основни средства на крајот од година t-1; | [денари] |

(4) Вредноста на регулираните основни средства на крајот на регулираната година ( $RAB_t^{end}$ ), се пресметува по следната формула:

$$RAB_t^{end} = RAB_t^{start} + NI_t - CC_t - D_t + D_t^{cc} - RAB_t^{out}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{end}$ | - | вредност на регулираните основни средства на крајот од година t; | [денари] |
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните основни средства во годината t и ги исклучува бесплатно добиените основни средства од претходните години; | [денари] |
| $NI_t$ | - | ново набавени и пуштени во употреба основни средства во текот на годината; | [денари] |
| $CC_t$ | - | бесплатно добиени основни средства во годината t; | [денари] |
| $D_t$ | - | вкупна годишна амортизација; | [денари] |
| $D_t^{cc}$ | | годишна амортизација на бесплатно добиените основни средства; | [денари] |
| $RAB_t^{out}$ | - | вредност на отуѓени и расходувани регулирани основни средства во годината t кои не се во употреба . | [денари] |

**Оправданост на инвестициите**

(1) Давателот на водната услуга треба да достави резиме за приоритет на инвестицијата. Инвестицијата треба да обезбеди поголема безбедност, сигурност во снабдувањето, како и да обезбеди квалитет на водната услуга, согласно важечките стандарди.
(2) По барање на Регулаторната комисија за енергетика, давателот на услугата е должен да достави дополнителни информации, податоци и појаснувања во врска со придобивките од планираната инвестиција.

### 1.4.2. Пондерирана просечна цена на капитал (WACC)

(1) Пондерираната просечна цена на капиталот (WACC) се пресметува за давателот на водната услуга на реална основа со примена на следната формула:

$$\text{WACC} = \frac{(1 - Debt) * K_e}{(1 - T_p)} + Debt * K_d$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| *WACC* | - | пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување | [%] |
| *Debt* | - | долгорочен долг како процент од вкупниот капитал (сопствен капитал + долгорочен долг) | [%] |
| $K_e$ | - | цена на сопствен капитал; | [%] |
| $K_d$ | - | цена на долг; | [%] |
| $T_p$ | - | стапка на данок на добивка. | [%] |

### 1.4.2.1. Цена на сопствен капитал ($K_e$)

(1) Цената на сопствениот капитал се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM - Capital Asset Prising Model), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематските ризици изразени со коефициентот β, според следната формула:

$$K_e = R_f + (MRP) * \beta$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $K_e$ | - | цена на сопствен капитал; | [%] |
| $R_f$ | - | стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на хартиите од вредност издадени од Владата на Република Македонија; | [%] |
| $\beta$ | - | бета на сопствен капитал (пазарно портфолио) се утврдува дека е еднаква на 1 (еден); | |
| *MRP* ($MRP = Rm - Rf$) | - | премија за ризик која се определува како разлика меѓу “просечен приход на ризични вложувања ($R_m$) и приход на неризични вложувања ($R_f$)“; | [%] |
| $R_m$ | - | просечени каматни стапки на долгорочните кредити (во евра, САД долари и денари) одобрени на давателот на услугата во Република Македонија, а објавени од Народна банка на Република Македонија; | [%] |

### 1.4.2.2. Цена на долг ($K_d$)

Цената на долгот на давателот на водната услугата се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените долгорочни кредити од страна на давателот на водната услугата за вршење на водната услуга, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, објавени од страна на Народна банка на Република Македонија.

## 2. Минимум и максимум опсег на висината на тарифата на водната услуга

(1) Решението за утврдување на водната услуга содржи минимум и максимум опсег изразен во проценти на утврдена вредност во рамките на кој е дозволено давателот на водна услуга да донесе одлука за утврдување на висината на тарифата на водната услуга.

(2) Минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата на водната услуга се пресметува на следниот начин:

### 2.1. Определување на просечна тарифа

(1) Просечната тарифа за секоја година од регулираниот период се пресметува со примена на следната формула:

$$Tt_{average} = \frac{(MARt_{\min} + MARt_{\max})/2}{Qt}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $Tt_{average}$ | - | просечна тарифа | [ден/m$^3$] |
| $Q_t$ | - | вкупна планирана количина во годината t од регулираниот период | [m$^3$] |
| $MARt_{min}$ | - | минимален регулиран приход за водната услуга | [денари] |
| $MARt_{max}$ | - | максимален регулиран приход за водната услуга | [денари] |

### 2.2. Определување на максимална просечна дозволена тарифа

(1) Максималната просечна дозволена тарифа за секоја година од регулираниот период се пресметува со примена на следната формула:

$$Tt_{\max} = \frac{MARt_{\max}}{Qt}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $Tt_{max}$ | - | максимална просечна дозволена тарифа | [ден/m$^3$] |
| $MARt_{max}$ | - | максимален регулиран приход за водната услуга | [денари] |
| $Q_t$ | - | вкупна планирана количина во годината t од регулираниот период | [m$^3$] |

### 2.3. Определување на минимална просечна дозволена тарифа

(1) Минималната просечна дозволена тарифа за секоја година од регулираниот период се пресметува со примена на следната формула:

$$Tt_{\min} = \frac{MARt_{\min}}{Qt}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $Tt_{min}$ | - | минимална просечна дозволена тарифа | [ден/m$^3$] |
| $MARt_{min}$ | - | минимален регулиран приход за водната услуга | [денари] |
| $Q_t$ | - | вкупна планирана количина во годината t од регулираниот период | [m$^3$] |

### 2.4 Определување на дозволениот опсег

(1) Дозволениот опсег изразен во проценти од утврдената вредност на тарифата во рамките на кој е дозволено давателот да донесе одлука за утврдување на тарифата за водната услуга, која ќе се применува во регулираниот период за секоја година од регулираниот период се пресметува со примена на следнава формула:

$$p = \left(1 - Tt_{min}/Tt_{average}\right)$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $p$ | - | дозволен опсег | % |
| $Tt_{min}$ | - | минимална просечна дозволена тарифа | [ден/m$^3$] |
| $Tt_{average}$ | - | просечна тарифа | [ден/m$^3$] |

## 2.5 Определување на минимум и максимум опсег на висината на тарифата на водната услуга

(1) Минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата на водната услуга за секоја година од регулираниот период се пресметува со примена на следнава формула:

$$Tt_{average} * (1-p) \leq \frac{\sum_{i=1}^{n} T_t^i * q_t^i}{Qt} \leq Tt_{average} * (1+p)$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $Tt_{average}$ | - | просечна тарифа | [ден/m$^3$] |
| $T_t^i$ | - | тарифа за водна услуга во годината *t* од регулираниот период за категорија на потрошувачи (i), определена од давателот на водната услуга | [ден/m$^3$] |
| $q_t^i$ | - | количина и/или број на корисници во годината t од регулираниот период за категорија на потрошувачи (i) | [m$^3$] и/или број на корисници |
| $Q_t$ | - | вкупна планирана количина во годината t од регулираниот период | [m$^3$] |
| $p$ | - | дозволен опсег | % |

## КАТЕГОРИИ НА ПОТРОШУВАЧИ И АЛОКАЦИЈА НА ОДОБРЕНИОТ ПРИХОД ПО КАТЕГОРИИ НА ПОТРОШУВАЧИ

### Категории на потрошувачи

### Член 19

(1) Користењето на водните услуги се определува врз основа на следните категории:
- категорија на потрошувачи/корисници- индивидуално домаќинство и
- категорија на потрошувачи/корисници- останати корисници.

(2) Давателите на водни услуги може да доставaт на одобрување до Регулаторната комисија предлог- тарифи за водни услуги за определените категории на потрошувачи, во зависност од:

1. испорачани, одведени и прочистени количини на вода, фактурирана до потрошувачите;
2. проценетите приходи по категории на потрошувачи;
3. техничко - технолошки и локациски предуслови за испорака, одведување и прочистување на вода;

4. тарифната структура која е применета за категориите на потрошувачи согласно член 6 од оваа Методологија.

(3) Тарифите на водните услуги се определени по категории на потрошувачи согласно став 1 од овој член, а во согласност со оваа Методологија, и постепено ќе се усогласат за различните категории на потрошувачи/крајни корисници согласно целта за постигнување на начелото на еднаквост на корисниците од член 4 од оваа Методологија. За да се оствари оваа цел, давателите на водните услуги треба да предложат етапно усогласување на тарифите во рамки на регулираниот период.

(4) Регулаторната комисија ги применува став 1, 2 и 3 од овој член за определување на категории на потрошувачи и во случај на утврдување на регулаторна тарифа.

## СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКА НА ПЛАНОТ ЗА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ТАРИФИТЕ ЗА ВОДНИТЕ УСЛУГИ И РЕГУЛАТОРЕН ПЛАН

### Член 20

(1) Нацрт Планот за прилагодување на тарифите односно Регулаторен план (во понатамошниот текст: План за прилагодување на тарифи) се доставува со секое барање за утврдување на тарифа за водна услуга и во постапката за определување на регулаторна тарифа.

(2) Планот за прилагодување на тарифите ги содржи следните податоци и информации:

- податоци за број на потрошувачи/корисници во еквивалент жители, категории на потрошувачи/корисници, број на крајни корисници на услугата и процент на наплата, во базната година и за регулираниот период;
- оперативни трошоци за вршење на водната услуга, во базната година и планирани за регулираниот период;
- начинот на распределба на заедничките трошоци за секоја водна услуга одделно;
- инвестициски план за регулираниот период и инвестициска програма за реализација на планот за инвестиции за изградба на нови водостопански објекти, реконструкција и ревитализација на постојни водостопански објекти во тек на регулираниот период за секоја година одделно;
- определување на вредноста на основните средства со кои се врши водната услуга, во базната година и планирани за регулираниот период;
- определување на регулиран приход и предлог – тарифа во базната година и за регулираниот период;
- неприходувана вода (технички и комерцијални загуби) во базната година и за регулираниот период, пресметана согласно методологијата на Меѓународната асоцијација за води;
- количини на вода во систем за снабдување, одведување и/или прочистување, во базната година и проценети за регулираниот период;
- структурата на тарифите, согласно член 6 од оваа Методологија;
- пополнета листа на главни индикатори на успешност и листа на индикатори на успешност согласно Прилог 4 од оваа Методологија.

(3) Податоците и информациите од став 2 од овој член се прикажуваат за секоја планска година за времетраење на Планот за прилагодување на тарифите, кој се подготвува во согласност со регулираниот период.
(4) При подготовка на Планот за прилагодување на тарифите, давателот на водната услуга покрај другото, особено ќе ги земе предвид следните цели:
- надоместување на трошоците;
- финансиска достапност на тарифата на водната услуга;
- хармонизацијата на тарифите и
- подобрување на работата и ефикасноста на давателите на водни услуги.

(4) Кога давателот на водната услуга предлага примена на различни тарифни структури во различни општини, податоците во планот се прикажуваат за секоја општина поединечно.
(5) Давателот на водната услуга ги доставува податоците и информациите од став (2) од овој член на образецот од Прилог 3 кој е составен дел од оваа Методологија.
(6) Давателот на водната услуга ги изготвува податоците и информациите од став (2) од овој член на начин утврден со Упатството за подготовка на план за прилагодување на тарифи односно регулаторен план, донесено од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ И ИЗВЕШТАИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ДОСТАВЕНИ ОД БИЗНИС ПЛАНОТ НА ДАВАТЕЛОТ НА ВОДНАТА УСЛУГА

### Член 21

(1) Извештаите кои треба да бидат доставени од Бизнис планот на давателот на водната услуга, треба да содржат податоци за трошоците и инвестициите од базната година и проектирани трошоци и инвестиции за регулираниот период.
(2) Давателот на водната услуга задолжително доставува образложение за методот по кој заедничките трошоци кои настануваат доколку давателот на услугата врши две или повеќе водни услуги или некоја друга дејност која во смисла на Законот за утврдување на цени на водните услуги не е водна услуга, се распределени по дејности.
(3) Задолжителните податоци и извештаи од Бизнис планот треба да се однесуваат на периодот за кој е подготвен нацрт-Планот за прилагодување на тарифите за водните услуги.

## ГЛАВНИ ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕШНОСТ И ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ДАВАТЕЛОТ НА ВОДНАТА УСЛУГА

### Член 22

(1) Давателите на водни услуги до Регулаторната комисија за енергетика доставуваат пополнета листа на главни индикатори за успешност и листа на индикатори за успешност, со цел да се изврши нивна проценка и да се утврди нивната усогласеност со целите кои треба да ги исполнат давателите на водни услуги.
(2) Регулаторната комисија за енергетика по завршувањето на првиот регулиран период, на предлог на давателите на водните услуги ќе ги одобри целите кои треба да ги исполни давателот на водната услуга а кои произлегуваат од главните индикатори за успешноста за секоја водна услуга поединечно.
(3) Регулаторната комисија за енергетика ќе наведе минимална листа на индикатори за успешност кои давателот на водна услуга ќе ги вклучи во својот Бизнис план.
(4) Покрај тоа, давателот на водна услуга може да избере дополнителни индикатори кои се соодветни и се од значење за водните услуги во овој регулиран период.
(5) При постапување по барањето за утврдување на тарифата за водна услуга, Регулаторната комисија за енергетика ќе ги разгледа индикаторите и може да побара давателот на водната услуга да го дополни Планот за прилагодување на тарифите за

водни услугите и Бизнис планот, со цел да се обезбеди постигнување на целите определени преку овие индикатори.

(6) Листата на главните индикатори за успешност и листата на индикаторите се дадени во Прилог 4 од оваа Методологија.

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА ГОДИШНИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УТВРДЕНИТЕ ТАРИФИ

### Член 23

(1) Годишниот извештај што давателот на водната услуга го доставува до Регулаторната комисија за енергетика содржи:

**1) ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА ВОДНАТА УСЛУГА**

- Статут;
- Решение од Централен регистар;
- Управување и организациона структура и
- Кадровска структура.

**2) КОЛИЧИНА НА ВОДА**

**а) произведена количина на вода**

- произведена вода ($m^3$);
- трошок за произведена вода (ден);
- продажба на вода ($m^3$) и
- цена на продадена вода (ден/$m^3$).

**б) преземена и испорачана количина на вода**

- произведена вода ($m^3$);
- трошок за произведена вода (ден);
- преземена вода ($m^3$);
- трошок за преземена вода (ден);
- испорачана количина на вода по категорија на потрошувачи ($m^3$) и
- цена на продадена вода по категорија на потрошувачи (ден/$m^3$).

**в) собрана и одведена количина на вода**

- собрана и одведена вода ($m^3$) и
- трошок за собрана и одведена вода (ден)

**г) прочистена на вода**

- прочистена вода ($m^3$) и
- трошок за прочистена вода (ден)

**3) ВОДОВОДНА МРЕЖА**

- Воден баланс;
- Приклучен конзум;
- Одржување на водоводната мрежа;
- Опис на реализирани инвестиции.

**4) ГРИЖА ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

- Барања за приклучување, одобрени и реализирани приклучоци и просечно време за реализација на приклучокот по категорија на потрошувач
- Број на примени приговори за квалитетот на водата, континуитетот во снабдувањето со вода, мерењето и приклучувањето во мрежа по категорија на потрошувач
- Број на одобрени приговори и просечно време на одговор на одобрените приговори по вид на приговор и по категорија на потрошувач

- Број на поднесени барања за исклучување од страна на потрошувач, реализирани исклучувања и време на реализација по категорија на потрошувач
- Број на поднесени барања за исклучување од страна на вршителот на дејноста, реализирани исклучувања и време на реализација по категорија на потрошувач
- Број на планирани прекини и времетраење на прекините и
- Број на непланирани прекини и времетраење на прекините.

**5) ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

- Биланс на состојба и биланс на успех;
- Извештај за промените во главнината;
- Извештај за паричните текови;
- Извештај за применети сметководствени политики и
- Други извештаи во согласност со важечката законска регулатива во Република Македонија.

**6) ОЦЕНКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БИЗНИС ПЛАНОТ**

- Информации во врска со спроведувањето на тарифите и надоместоците;
- Вредностите на клучните индикатори на успешноста и
- Детален опис на напредокот во спроведувањето на бизнис планот.

**7) ЛИСТА НА ГЛАВНИ ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕШНОСТ И ЦЕЛИ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ**

- Пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели за исполнување согласно Прилог 4, точка 1 од оваа Методологија.

## ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО

### Член 24

(1) Доставувањето на барањето заедно со нацрт - Планот за прилагодување на тарифите за водни услугите и другите податоци од барањето се врши во писмена и електронска форма, во 4 (четири) примероци.

(2) Со добивање на барањето за утврдување на тарифи за водни услуги со предлог тарифи, Регулаторната комисија за енергетика оценува дали барањето и приложената документацијата се потполни согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга и оваа Методологија.

(3) Барањето за утврдување на тарифа за водна услуга се смета дека е потполно ако содржи:

- пополнет образец БТВУ – Прилог 1 на оваа Методологија;
- пропратно писмо со образложение на барањето;
- изјава за веродостојност на барањето и податоците дадени во врска со него, потпишана од одговорното лице на давателот на водни услуги. Содржината на изјавата е дадена во Прилог 2, кој што е составен дел на оваа Методологија;
- План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги, согласно Прилог 3 од оваа Методологија;
- податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
- пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели и листа на индикатори на успешност кои треба да ги исполни давателот на водната услуга, кои се составен дел на Прилог 4 од оваа Методологија;
- решение за упис во Централен регистар на Република Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги во оригинал или фотокопија заверена кај нотар;
- финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Македонија и Извештај од

ревизијата на финансиските извештаи, доколку за изготвување на истиот давателите на водни услуги се обврзани со закон;

- други релевантни податоци за вршење на водната услуга, по барање на Регулаторната комисија за енергетика во текот на постапката, до донесувањето на Решението;

**Член 25**

Оваа Методологија влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 01-995/1**
**25.05.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

ПРИЛОЗИ:

Прилог 1 – Образец БТВУ
Прилог 2 – Изјава за веродостојност за барањето и податоците дадени во врска со него
Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водните услуги
Прилог 4 - Листа на главни индикатори за успешност и цели за исполнување